




**БЕРЛИН Е ЧУДЕСНО МЕСТО, ОД НЕДЕФИНИРАН БРОЈ ПРИЧИНИ. ДОКОЛКУ СÈ УШТЕ СТЕ ОД ОНИЕ ШТО САКААТ ДА ВЕРУВААТ ДЕКА ПОСТОИ НЕКАКОВ БАЛАНС НА ПЛАНЕТАВА, БИДЕТЕ СИГУРНИ ДЕКА ЕДЕН ОД ГЛАВНИТЕ ИЗВОРИ НА ПОЗИТИВНОТО Е ТОКМУ ОВОЈ ГРАД**

# CHILL-OUT НЕДЕЛА ВО БЕРЛИН

Пишува: Енис ХИЛМИ

Со геополитичките промени од 1989 г. и експанзијата на ЕУ, наместо источен агол на Западот, или западен агол на Истокот, Берлин го промени сопствениот шифт и уште еднаш стана самиот центар на Европа. Овојпат со предзнак Culture или MultiCulture, како што милувате. Метропола со мото на културната различност, каде што политичките, културните и историските разлики помеѓу Истокот и Западот се мешаат и претвораат во нешто прекрасно, припаѓајќи подеднакво и на двете страни, но на комплетно нови начини. Сето тоа со продуктивен интензитет, динамика на голем град и top-class enterteitment, но, во исто време, обезбедувајќи и атмосфера на невидена опуштеност.

**ICH BIN EIN BERLINER** Непроценлива помош и придонес кон тоа е што Берлин ги има своите 450.000 жители кои се од 194 нации, од 3,5-милионското население на овој град. Би било интересно секој од нас барем еден ден во животот да биде *берлинер*. Но, да бидеш *берлинер* не е лесна работа. Со имплантиран чип на воодушевување кон разноличноста, со критичен дух и мисла, со неменлива почит кон вистинските вредности и стандарди на живот и живеењето, со неминлива почит кон системот пред сè, но и со едноставност, практичност и искреност на 5-годишно дете како примарен квалитет на културата на живеење - ете такви се луѓето на Берлин. Па, така, наидувате на Палестинци што го критикуваат радикализмот на муслиманите, Германци секогаш запрепастени од површни дејствувања и размислувања, Руси горди на себе, но уште погорди што се берлинци, Турци сосема различни од оние во Турција, Кинези среќни што се тука... Сите тие се ужаснати од секаков вид агресија. Сите се горди на своето, но уште погорди на берлинското. Така, секој ја пренесува пораката дека светот, сепак, не е црнобел. Чудесната компилација Берлин е, едноставно,- сончевата страна од улицата.

И јас се почувствував чудесно. Барем за една недела. Слетав на аеродромот Tegel непосредно пред прекрасниот концерт на **Драган Даутовски** (*Патот на сонцето*) и изложбата на група македонски сликари што живеат и творат во Германија (*Сонце за сите*) во организација на Kollonie Wedding и Prima Center Berlin. Повод - кандидатурата на РМ за членство во ЕУ. Во градот со отприлика 1.500 културни настани на ден, редица Германци стрпливо чекаа да купат билет за македонскиот event, додека, пак, Македонците, по македонски, користејќи го приемот на амбасадата ли, да не се платело ли, влегуваат без купен билет. Слетав од Македонија во Македонија, помислував. На враќање од концертот накај дома во "источниот дел" на градот, во Helmoltzplatz/-Prenzlauberg, моите роднини *берлинери* и уметници од турско потекло ме прашуваат колку ајвар и каква музика сум им донела овој пат. Ги навикнав. Којзнае, можеби еден ден по берлинските улици, каде што, впрочем, сè е концепт, компилација и култура, ќе осамне и концептот Ajvar Culture Shop.